*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-937/**

# З А П И С Н И К

**Од 210.Седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 14.02.2023 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани, Златко Јанковски,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска , Анита Латифи и Ивана Трајковска. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>/ |

**210.Седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 11.00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 209.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Информација по Барањето на НУ Кинотека на С Македонија.

3. Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 209.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 209.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 209.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 209.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

ТОЧКА2: **Разгледување на Информација по Барањето на НУ Кинотека на С Македонија**.
По однос на оваа точка Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац пред присутните членови ја прочита Информацијата од Директорот на МРТ, во врска со Заклучокот од Програмскиот совет, во која се вели дека е одржан состанок со НУ Кинотека на Македонија, и дека се разгледани можностите за меѓусебна соработка.По контактирање на надворешни експерти на темата дигитализација, добиени се насоки и совет дигитализацијата на архивите на МРТ да се реализира во кус период, од причина што лентите на коишто е снимен архивскиот материјал се многу стари и истовремено дадена е оценка дека начинот на чување и заштита на архивскиот материјал на МРТ е добар.
Од разговорите водени со Кинотека на Македонија, добиен е впечаток дека се со ограничени ресурси и дигитализацијата на целиот материјал на МРТ би траела многу години, а за конкретниот проект за кој е побарана соработка. Ќе се потпише меморандум за соработка за негова рализација.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац посочи дека НУ Кинотека на Македонија за својата понуда нема да бараат надомест, а додека за времетраењето на процесот е релативна работа, најитно треба да се дигитализираат материјалите, додека другиот процес на реставрација не е итен, и затоа треба да се склучи договор со Кинотека на Македонија.
Членот Гајур Рамдани запраша која е целата на Кинотека на Македонија што сакаат тие да постигнат со таквиот проект и што би се реглуирало со еден таков Договор за соработка?
Членот Снежана Клинчарова посочи дека од кратката информација добиена од Директорот на МРТ, како и од информацијата добиена од Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац, не е јасно како МРТ која поседува најмногу продкуција снимена на филмска лента е останата без такви машини или техника за дигитализација, а Кинотека на Македонија има таква техника, и второ снимените материјали кои со ваквиот проект би останале во Кинотека на Македонија, за што во иднина ќе бидат користени и употребувани?
Членот Ристе Панов истакна дека треба да разграничиме надлежностите, односно онаа на Директорот на МРТ за потпишување на договори и меморандуми, и во тој дел ние како Програмски совет не може да се мешаме, меѓутоа начинот на архивирање на аудиовизуелните дела и нивната достапност го регулираме ние со носење на акт, во случајов со Правилникот за начинот на архивирање на аудио и аудиовизуелни дела на МРТ, кој го има донесено Програмскиот совет на МРТ.

После расправата по оваа точка беше предложен следниов **Заклучок:**
●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да достави допонителна Информација околу Меморандумот за соработка со НУ Кинотека на Македонија, и на наредна седница на советот, свое присуство да обезбеди Раководителот на Секторот ТВ Техника во МТВ, за да го објасни начинот на кој би се одвивала ваквата соработка, и да се достави до советот попис од архивите на аудиовизуелните дела и план за нивно дигитализирање.
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледан Одлука од Комисијата за избор на програмски содржини:
-Одлука со бр.02-656/1 од 31.01.2023 година.

Седницата заврши во 11.50 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател